БАРАЊЕ ЗА ПОНУДА

Проект: “Empowering Rural: Fostering Sustainability in Local Communities”
Референтен број на проектот: PJ1637
Датум: 10.11.2025
Предмет: Барање на понуда за ангажирање на консултант за пазарно истражување за Земјоделска Задруга Шари

Почитувани,

Во рамки на проектот „Empowering Rural: Fostering Sustainability in Local Communities“, Центарот за едукација и развој (ЦЕД) во партнерство со Земјоделската Задруга Шари, има потреба од ангажирање на консултант за пазарно истражување кој ќе овозможи подобрување на пазарното знаење и врските на земјоделската задруга и нејзините членови.

Обврски на консултантот

Консултантот ќе биде одговорен за:

- Проценка на состојбата на задругата и планирање на активности (преглед на производи, продажни цели, постоечки пазарни практики);
- Анализа на пазарот за приоритетните производи: компир, сирење и млечни производи, мед и грав;
- Идентификација на трендови, побарувачка, конкуренција и ценовни нивоа;
- Мапирање на постоечки дистрибутивни канали (локални пазари, маркети, преработувачи, големопродажба и др.);
- Идентификација и вклучување на клучни чинители (купувачи, институции, добавувачи, извозници, др.);
- Анализа на вредносни синџири и можности за алтернативни канали (е-трговија, директна продажба, земјоделски пазари);
- SWOT анализа за секој од приоритетните производи;
- Подготовка на препораки за нови или подобрени пазарни врски и стратегии за дистрибуција.

Потребни квалификации

- Минимум диплома од прв циклус во агробизнис, агроекономија, рурален развој, маркетинг, бизнис администрација или сродна област (предност магистратура/докторат);
- Најмалку 5 години искуство во пазарни истражувања и анализа на агро-прехранбен сектор;
- Учесник во најмалку 7 релевантни проекти во последните 5 години;
- Искуство во анализи на вредносни синџири, рурален развој и агробизнис консалтинг.

Потребна документација

Заинтересираните апликанти треба да достават:

- Ажурирана биографија (CV);
- Листа на проекти/документи со контакт податоци од клиенти;
- Финансиска понуда во МКД, која ги вклучува сите релевантни трошоци и даноци: такси за издавање дозволи, персонален данок, патни трошоци, дневници, осигурување, нотарски и административни такси и даноци поврзани со договорите.

Рок и начин на доставување

Рок за поднесување на апликации: најдоцна до 09.12.2025 година

Е-пошта за доставување: info@ced.org.mk и metin.muaremi@ced.org.mk

Апликации доставени по наведениот рок нема да бидат разгледани. Одлуката за избор ќе биде донесена на 11.12.2025, а ангажманот ќе започне веднаш по изборот.

Со почит,

ЦЕД
Директор
Метин Муареми